УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW

ТРИНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА

НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

THIRTEENTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

-МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-

PROCEEDINGS

-YOUNG RESEARCHERS-

ШТИП, 2026

SHTIP, 2026

Thirteenth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2026 Copyright Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia:
Address: Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Stip, N. Macedonia
www.ugd.edu.mk
Издавач: Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Правен факултет
Publisher: Goce Delcev University, Stip, Faculty of Law
Уредници: Билјана Тодорова, Страшко Стојановски, Јорданка Галева, Ѓорги Сламков, Наташа Мирославева, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска
Editors: Biljana Todorova, Strashko Stojanovski, Jordanka Galeva, Gjorgi Slamkov, Natasha Miroslaveva, Ana Paneva, Kristijan Panev, Elena Trajkovska
Технички уредник: Страшко Стојановски
Technical Editor: Strasko Stojanovski
Лектор: Валентина Бочваровска
Печати/Print: 2ри Август, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42:005.44(062)
304-027.511(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (13 ; Штип ; 2026)
Општествените промени во глобалниот свет [Електронски извор] : зборник на трудови : млади истражувачи / Тринаесетта меѓународна научна конференција ; [уредници Билјана Тодорова ... и др.] = Social changes in the global world : proceedings : young researchers / Thirteenth international scientific conference ; [editors Biljana Todorova ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет = Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2026

Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/about. - Текст во PDF формат, содржи XIV, 440 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 24.09.2026. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Други уредници: Страшко Стојановски, Јорданка Галева, Ѓорги Сламков, Наташа Мирославева, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-277-167-0
а) Општествени промени -- Глобализација – Собири

COBISS.MK-ID 69714437

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/about

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

Република С. Македонија

ТРИНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

-МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-

Штип, 2026

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW

Republic of North Macedonia

THIRTEENTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

-YOUNG RESEARCHERS-

Shtip, 2026

Организациски комитет / Organizational Committee

Проф. д-р Билјана Тодорова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, biljana.todorova@ugd.edu.mk

Проф. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Вон. проф. д-р Јорданка Галева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Вон. проф. д-р Ѓорги Сламков, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, gorgi.slamkov@ugd.edu.mk

Доц. д-р Наташа Мирославева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ас. м-р Ана Панева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

Ас. м-р Кристијан Панев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, kristijan.panev@ugd.edu.mk

Ас. м-р Елена Трајковска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, elena.trajkovska@ugd.edu.mk

Програмски комитет / Program Committee

Agim Nuhiu, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole, Schiller International University, Heidelberg, Germany, alenka.verbole@faculty.schiller.edu

Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com

Aynura Rashidova, Faculty of Humanities and Social Sciences, Azerbaijan University, Azerbaijan, aynur.rashidova@bk.ru

Biljana Todorova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, biljana.todorova@ugd.edu.mk

Davor Trlin, Faculty of Economic and Social Studies, International University Burch Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, davor.trlin@ibu.edu.ba

Elena Maksimova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, elena.maksimova@ugd.edu.mk

Gemma Andreone, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Giuseppe Cataldi, Department of Human and Social Sciences, University of Napoli L 'Orientale, gcataldi@unior.it

Ice Ilijevski, Faculty of Law, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk

Ivan Ilic, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, ivan@prafak.ni.ac.rs

Ivana Bajakić, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

Jordanaka Galeva, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Jovanka Jakubek-Lalik, Faculty of Law and Administration, University of Warsaw, Poland, j.jakubek@uw.edu.mk

Marcin Burzec, Faculty of Law, Canon Law and Administration, The John Paul II Catholic University of Lublin, Poland, marcin.burzec@kul.pl

Milica Sutova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natalia Vladimirovna Butusova, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

Nerma Colakovik Prguda, Univerzitet Dzemal Bijedic, Mostar, Bosna and Herzegovina, nerma@unmo.ba

Nikolai Baranov, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

Nora Jakab, Faculty of Law, University of Miskolc, Hungary; and Associate Professor at Caucasus International University of Tbilisi, Georgia, nora.jakub@uni-miskolc.hu

Pavol Struhar, Department of Political Science, Alexander Dubcek University of Trencin, Slovakia, pavol.struhar@tnuni.sk

Slavejko Sasajkovski, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

Solymosi-Szekers Bernadett, Faculty of Law, University of Miskolc, Hungary, bernadett.solymosi-szekeres@uni-miskolc.hu

Suzana Dzamtoska Zdravkovska, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

Tamara Djurdjic Milosevic, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs

Tatyana Dronzina, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

Teresa Russo, University of Salerno, Italy, trusso@unisa.it

Tunjica Petrašević, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

Veronika Stoilova, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, vstoilova@swu.bg

Vladimir Savkovic, Faculty of Law, University of Montenegro, Montenegro, vladimirs@ucg.ac.me

Uroš Novaković, Faculty of Law, University of Belgrade, Serbia, uros.novakovic@ius.bg.ac.rs

TABLE OF CONTENTS

Aistė Mačiulaitė
PSYCHOLOGICAL VIOLENCE AT WORK: CHALLENGES OF IDENTIFICATION AND PREVENTION 15

Аљоша Кацаров
ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДОКАЗНО РОЧИШТЕ КАКО ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА НА ПОСЕБНО РАНЛИВИТЕ ЖРТВИ 33

Ема Нешковска
УЛОГАТА НА ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ И ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ ВО ЕРОЗИЈАТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО СОВРЕМЕНА ЕВРОПА.... 51

Emir Kurtishi
PRESIDENTIAL PARDON OF THE PRESIDENT GJORGE IVANOV FROM THE PERSPECTIVE OF THE CONSTITUTIONAL LAW OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 77

Mirosław Skorek, Justyna Suchacka
INCLUSIVE COMMUNICATION IN HEALTHCARE: PERSPECTIVES OF PEOPLE WHO STUTTER AND PROFESSIONALS 91

Кристијан Панев
КОРПОРАТИВНО ДОЛЖНО ВНИМАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ: АНАЛИЗА НА НОРМАТИВНАТА РАМКА НА ДИРЕКТИВАТА 2024/1760 107

Mirosław Skorek
THE „FLY AND ANALYSE“ PARADOX: PROFESSIONAL SOCIALIZATION AND DIGITAL EDUCATION GAPS AMONG FUTURE FIRE OFFICERS 135

Oksana Panichkovska
ADEQUACY DECISIONS UNDER THE GDPR AND ACCESS TO EU DATA: LIMITS FOR THIRD COUNTRIES IN THE AGE OF AI 151

Paweł Natorski
ABUSE OF SELF-DEFENCE UNDER ARTICLE 51 OF THE UN CHARTER: LEGAL BOUNDARIES AND GLOBAL CONSEQUENCES 173

Pooja Damodaran
DATA LOCALISATION AND INTERNATIONAL ECONOMIC LAW: RECONCILING DIGITAL SOVEREIGNTY WITH TRADE AND INVESTMENT DISCIPLINES 193

Розе Сурловска-Ристевска
ВИКТИМОЛОГИЈА НА РОМИТЕ: КРИВИЧНОПРАВНИ ДИМЕНЗИИ НА АНТИЦИГАНИЗМОТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА 213

Семи Снопче
ПРОЦЕСНИ АСПЕКТИ НА СУЗБИВАЊЕТО НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА: ПРЕДИСТРАЖНА И ИСТРАЖНА ПОСТАПКА ДО КРИВИЧНА ПРИЈАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..... 235

Андон Дамовски
НОВИТЕ УЛОГИ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ПРОМЕНЛИВО ОПШТЕСТВО 261

Вероника Газепова
НОВАТА ЕВРОПСКА ДИРЕКТИВА ЗА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ: ИМПЛИКАЦИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА КРИВИЧНОПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..... 277

Горан Димковски
УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО РУСКО-ГРУЗИСКИОТ КОНФЛИКТ: АНАЛИЗА НА АБХАЗИЈА И ЈУЖНА ОСЕТИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ДИЛЕМА И СТРУКТУРНИОТ РЕАЛИЗАМ..... 299

Ѓорѓи Манчев
УЛОГАТА НА ДИСФУНКЦИОНАЛНОТО СЕМЕЈСТВО КАКО ЕГЗОГЕН КРИМИНОГЕН ФАКТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА КРИМИНОГЕНЕЗАТА: КРИМИНОЛОШКА АНАЛИЗА СО ОСВРТ НА КОНКРЕТЕН СЛУЧАЈ 317

Марија Мирческа
ЕВОЛУЦИЈАТА НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕТО, ОД ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДВОРЕШНА ДОМИНАЦИЈА ДО ВНАТРЕШНА ПОЛИТИЧКА ИНКЛУЗИЈА 333

Христина Георгиевска
АЛГОРИТАМСКО ДОГОВАРАЊЕ: КОРПОРАТИВНА ОДГОВОРНОСТ И ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 101 ОД ДФЕУ 355

Петар Караѓулески
ПРАВЕН РЕЖИМ ЗА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА НА ТРЕТО ЛИЦЕ УЧЕСНИК (СОПАТНИК ИЛИ ПЕШАК) ВО СООБРАЌАЈНА НЕСРЕЌА ВО ПРАВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА 375

Михаела Мострова
ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ ПРИЗНАВАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА ИНТРА-ЕУ АРБИТРАЖНИ ОДЛУКИ 399

Natasha Amidju
ADDRESSING DISCRIMINATION BASED ON POLITICAL OPINION AND POLITICAL AFFILIATION: THE PRACTICE OF THE EQUALITY BODY IN NORTH MACEDONIA 417

УДК: [341.231.14.037:334.722]:341.24(4-6ЕУ)

КОРПОРАТИВНО ДОЛЖНО ВНИМАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ: АНАЛИЗА НА НОРМАТИВНАТА РАМКА НА ДИРЕКТИВАТА 2024/1760

Кристијан ПАНЕВ
асистент и докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
e-mail: kristijan.panev@ugd.edu.mk
ORCID ID: 0009-0001-5418-5923

Апстракт
Усвојувањето на Директивата на ЕУ (2024/1760) за должно внимание за одржливо деловно работење (CSDDD) во 2024 година претставува значаен напредок во напорите за воспоставување на задолжителни правни обврски за трговските друштва во областа на почитувањето на човековите права и заштитата на животната средина. Овој труд ја анализира нормативната рамка на Директивата 2024/1760, со посебен акцент на нејзините клучни елементи: персоналниот и материјалниот опфат, концептот на корпоративно должно внимание и неговите клучни елементи, механизмите за транспарентност и известување, како и режимот на граѓанско-правна одговорност. Истовремено, трудот ги анализира и значителните измени и дополнувања направени со т.н. Омнибус 1 пакет (Директивата 2026/470), кои во голема мера го стеснија персоналниот опфат, го намалија интензитетот на обврските за должно внимание и го фрагментираа режимот на граѓанска одговорност. И покрај овие отстапувања, трудот застапува став дека Директивата претставува фундаментален нормативен напредок во институционализацијата на корпоративната одговорност за почитување на човековите права, со потенцијал да го трансформира корпоративното управување кон поодговорно и одржливо деловно работење.
Клучни зборови: *должно внимание, трговско друштво, Директива 2024/1760, човекови права, одржливо деловно работење*

CORPORATE DUE DILIGENCE FOR RESPONSIBLE BUSINESS CONDUCT: ANALYSIS OF THE EU CORPORATE SUSTAINABILITY DUE DILIGENCE DIRECTIVE 2024/1760

Kristijan PANEV
Teaching Assistant and PhD Candidate, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
e-mail: kristijan.panev@ugd.edu.mk
ORCID ID: 0009-0001-5418-5923

Abstract
The adoption of the EU Corporate Sustainability Due Diligence Directive (CSDDD) in 2024 marks a significant step forward in the efforts to establish mandatory legal obligations for companies to respect human rights and the environment. This paper analyses the normative framework of Directive 2024/1760, with a particular focus on its key elements: the personal and material scope, the concept of corporate due diligence and its key steps, transparency and reporting mechanisms, and the civil liability regime. The paper further examines the substantial amendments introduced by the so-called Omnibus I package (Directive 2026/470), which considerably narrowed the personal scope, reduced the intensity of due diligence obligations, and fragmented the civil liability framework. Notwithstanding these setbacks, the paper argues that the CSDDD represents a fundamental normative advancement in the institutionalisation of corporate human rights accountability, with the potential to transform corporate governance towards more responsible and sustainable business conduct.
Keywords: *due diligence, company, CSDDD, human rights, sustainable business conduct*

1. Вовед

Уште од усвојувањето на Водечките принципи на ООН за бизнис и човекови права (ВПООН) (Ruggie, 2011) во 2011 година, концептот на корпоративно должно внимание за почитување на човековите права отвори бројни дискусии за потребата од воспоставување на задолжителни правни обврски за трговските друштва. Многу европски земји, меѓу кои Германија[1], Франција[2], Холандија[3] и Норвешка[4], усвоија ваков вид на

закони, но со значителни разлики во поглед на персоналниот и материјалниот опфат, суштинските елементи и механизмите за спроведување. Покрај тоа, голем број земји усвоија Национални акциски планови (НАП)[5] за имплементација на ВПООН, иако истите сè уште немаат специфична законска регулатива која воведува задолжително корпоративно должно внимание за почитување на човековите права. Од друга страна, голем број на мултинационални корпорации воведоа сопствени политики за саморегулација заради имплементација на стандардите на ВПООН во своето деловно работење и практики. Ваквата состојба ја отвори широката дискусија за потребата од хармонизација на правилата, бидејќи во отсуство на ваква хармонизација, се создава правна несигурност не само за трговските друштва, туку и за потенцијалните жртви од нивното деловно работење.

Имајќи го предвид ова, во 2021 година Европската комисија ја иницираше официјалната дебата и преговорите за воведување на нова директива на ЕУ која ќе воспостави задолжително корпоративно должно внимание за почитување на човековите права.[6] Текстот на Директивата значително се промени во однос на она што беше иницијалниот предлог на Европскиот парламент[7] во споредба со она што денес е усвоено како Директива за должно внимание за одржливо деловно работење. Истиот беше предмет на бурни дебати помеѓу Европскиот парламент, Советот на ЕУ и Европската комисија, а под влијание на различни лоби-групи од бизнис-заедницата и организациите за заштита на човековите права, што резултираше со ограничен опфат на трговски друштва кои директно ќе бидат засегнати од Директивата, ограничена одговорност во однос на видот на деловна соработка и поврзаност помеѓу трговските друштва, како и продолжување на временската рамка за исполнување на обврските кои ќе произлезат од Директивата (Bueno, Bernaz, Holly, & Martin-Orte, 2024).

Без оглед на сето тоа, финалниот текст на Директивата на ЕУ (2024/1760) за должно внимание за одржливо деловно работење е усвоен на 13 јуни 2024 година и влезе во сила на 25 јули 2024 година.[8] Оваа Директива ја менува улогата на законодавствата за одржлив развој на Европската Унија, при што ја трансформира улогата на трговските друштва, не само да известуваат за ризиците и негативните влијанија од нивното деловно работење, туку активно превентивно да дејствуваат во насока на одржливиот развој. И тоа го прави преку комбинација од меѓународните стандарди за одговорно деловно работење и германскиот и францускиот модел за одговорност во глобалните синџири на снабдување (Sinnig & Zetzsche, 2025). Сепак, уште пред да започне нејзиното спроведување, Директивата стана предмет на измени и дополнувања со т.н. *Омнибус 1* пакетот (Директивата 2026/470 од 24.02.2026)[9]. Во анализата која ја правиме во текстот ги имаме предвид и овие измени и дополнувања.

2. Концептуални основи и цели на Директивата

Целта на Директивата 2024/1760 може да се разбере како воспоставување на сеопфатна правна рамка која го интегрира деловното однесување на трговските друштва во една поширока политика за одржлив развој на Европската Унија. Во нејзината суштина, Директивата има за цел да ја трансформира улогата на трговските друштва од пасивни економски субјекти во активни учесници во заштитата на човековите права и животната средина низ глобалните синџири на набавка (рецитал 2 од Директивата 2024/1760). Со други зборови, Директивата се стреми да осигури дека трговските друштва активно придонесуваат за одржлив развој и испорачуваат подобри резултати за луѓето и животната средина (Holly, Dicalou, Myczkowski, & Caygin, 2026).

Директивата 2024/1760 има двојна амбиција. Прво, има за цел да обезбеди дека трговските друштва коишто оперираат во рамки на внатрешниот пазар на Унијата, систематски ги идентификуваат, оценуваат и адресираат негативните влијанија врз човековите права и животната средина коишто се поврзани со нивните активности. Овој концепт на корпоративна одговорност се проширува над директните активности и дејствување на трговските друштва и ги вклучува и подружниците и деловните партнери, што укажува на сложената и транснационална природа на современото деловно работење и производствени системи (рецитал 16 од Директивата 2024/1760). Директивата ги обврзува трговските друштва не само да реагираат на направената штета, туку и системски да институционализираат превентивни мерки и механизми за ублажување на последиците преку воспоставување на должно внимание како стандард на грижа во корпоративните системи на управување.

Второ, Директивата има за цел да придонесе кон поширока транзиција кон одржливост на општеството и економијата. Преку усогласување на деловното однесување со фундаменталните принципи и вредности на Унијата, како што се почитувањето на човековото достоинство, човековите права и заштита на животната средина, како меѓународни стандарди за одговорно деловно работење. Преку ова усогласување на деловното однесување, се очекува дека трговските друштва ќе играат значајна и проактивна улога во унапредување на одржливиот развој, наместо само механичко почитување на минималните стандарди и правила. Оттука, концептот на корпоративно должно внимание зазема централно место за постигнување на целите на Директивата и како таков, не може да се третира како процес на штиклирање на исполнети обврски, туку мора да се интерпретира од една поширока перспектива, преку холистички пристап и разбирање на концептот како стандардна грижа што ќе придонесе кон одржлив развој и подобри резултати и за луѓето

и за животната средина (Holly, Dicalou, Myczkowski, & Caygin, 2026) (McCorquodale & Nolan, 2021).

Сепак, мора да се забележи дека Директивата го обликува концептот на должно внимание како обврска за преземање на мерки, а не нужно и за остварување на резултат (рецитал 19 од Директивата 2024/1760). Трговските друштва имаат обврска да преземат соодветни и пропорционални мерки за да превенираат, ублажат или онаму каде што е потребно, да ги отстранат штетните последици, овозможувајќи ѝ пристап до правдата на жртвите како засегнати страни (Holly, Dicalou, Myczkowski, & Caygin, 2026). Ова, од една страна, ја има предвид прагматичноста во контекст на препознавање на ограничувањата која трговските друштва можат да ја имаат во однос на нивната контрола во глобални трговски мрежи, но, од друга страна, се стреми да воспостави и поголема обврска и стандард на грижа во деловното работење.

Конечно, целта на Директивата е и да ги хармонизира правилата и очекувањата од трговските друштва кои оперираат во различни земји членки на Унијата, да ја редуцира фрагментираноста во внатрешниот пазар и да ги направи правилата на игра еднакви за сите на пазарот. На овој начин, не само што ја подобрува правната предвидливост за деловните субјекти, туку и го зајакнува капацитетот на ЕУ за да ги прошири своите стандарди за одржлив развој на глобално ниво. Ова значи дека Директивата прави и своевидна реформа во корпоративното управување, така што го редефинира корпоративниот успех вклучувајќи отчетност за социјалните и еколошки последици, со што одржливиот развој го става во центарот на економските активности на деловните субјекти.

3. Структура на обврските за должно внимание

Директивата 2024/1760 воспоставува структуриран систем на обврски за спроведување на корпоративно должно внимание за човековите права и животната средина во деловното работење. Во нејзината суштина, трговските друштва имаат обврска да го интегрираат концептот на должно внимание во нивните политики и системи за управување со ризици, да ги идентификуваат и оценат негативните влијанија кои ги имаат врз човековите права и животната средина и да преземаат мерки за превенција и ублажување на потенцијалната штета, така што ќе ги спречат или минимизираат тековните негативни влијанија, ќе ја следат ефективноста на мерките и јавно ќе ги комуницираат чекорите и мерките кои ги преземаат во овој контекст, а, истовремено, ќе обезбедат и механизми за обесштетување онаму каде што штетата веќе настанала.

Следејќи го моделот прифатен во меѓународните стандарди во ВПООН, како францускиот и германскиот пристап, прифатена е широка дефиниција за ризици врз човековите права, опфаќајќи ги тековните и потенцијалните негативни влијанија врз човековите права, како и негативните влијанија врз животната средина. Иако нема формална ознака во дефинициите на поимите, која се однесува на тековни и потенцијални ризици, од целата содржина станува јасно дека законодавецот прави разлика помеѓу нив, користејќи ги двата термина конзистентно низ целиот текст. На пример, во чл. 8 укажува на обврска за идентификување и оцена на тековни и потенцијални негативни влијанија врз човековите права и животната средина. Управувањето со ризиците се прави на начин што кога трговското друштво ќе идентификува потенцијален ризик за човековите права или животната средина, треба да преземе соодветни мерки за да го превенира или соодветно да го ублажи ризикот (рецитал 45 од Директивата 2024/1760), додека доколку идентификува тековен ризик, треба да преземе мерки за да го заврши неговото негативно влијание или доколку тоа не е возможно, да го минимизира неговото влијание (рецитал 53 од Директивата 2024/1760). Оттука, сосема е јасно дека Директивата ги препознава потенцијалните влијанија како ризици кои можат да се случат, но сè уште не се случиле, додека за тековни влијанија ги смета оние кои тековно се случуваат или веќе се случиле.

4. Персонален опфат

Директивата 2024/1760 ретерира од глобалните стандарди кога се работи за опфатот на трговските друштва за кои се наметнуваат обврски за задолжително корпоративно должно внимание. Имено, истата ги опфаќа само најголемите европски трговски друштва и определени трговски друштва надвор од ЕУ, кои значително работат на европскиот пазар. Заднината на оваа логика е дека големите корпорации имаат значително влијание врз помалите трговски друштва кои се дел од синџирот на активности, особено имајќи ја предвид обврската да водат грижа не само за своите активности, туку и за активностите низ комплексните деловни соработки и врски низ целиот синџир на активности во кои учествуваат (Holly, Dicalou, Myczkowski, & Caygin, 2026). Оттука, се јавуваат и очекувања дека Директивата ќе има своевиден домино ефект и прелевање и кон помалите друштва во однос на интегрирање на концептот на должно внимание во нивното деловно работење, преку директно или индиректно влијание од нивните поголеми деловни партнери.

Првично, Директивата 2024/1760 ги опфаќаше само трговските друштва кои се формирани врз основа на правото на некоја од земјите членки на Унијата и коишто кумулативно ги исполнуваат следните услови: трговското друштво да има повеќе од 1.000 вработени и вкупен годишен

приход од над 450 милиони евра во последната година (Bueno, Bernaz, Holly, & Martin-Orte, 2024). Сепак, со измените во т.н. *Омнибус 1* пакетот (Директивата 2026/470 од 24.02.2026)[10], персоналниот опфат на примената на директивата значително се стесни. Имено, ги опфаќа исклучително големите корпорации кои имаат повеќе од 5.000 вработени и вкупен годишен приход од 1,5 милијарди евра (чл.4 ст.2 од Директивата 2026/470). Директивата ќе се применува и за определени корпоративни групации или компанија-мајка кои достигнуваат определени прагови на годишен приход, иако поединечните трговски друштва може и да не ги достигнат поединечно (чл.2 ст.1 т.2 од Директивата 2024/1760), кои прагови, исто така, значително се зголемија со Омнибус 1 (чл.4 ст.2, (c) од Директивата 2026/470).

Второ, Директивата ги опфаќа и странските трговски друштва кои работат на пазарот на ЕУ, при што иницијално го воспостави прагот на годишен приход генериран на територијата на Европската Унија да биде најмалку 450 милион евра. Сепак, со Омнибус 1 и ова претрпе измени, односно прагот тројно се зголеми и изнесува 1,5 милијарди евра (чл.4, ст.2, од Директивата 2026/470). Критериумот за остварен годишен приход на територијата на ЕУ се смета за доволен за да покаже дека постои доволна географска поврзаност помеѓу странското трговско друштво и внатрешниот пазар на Унијата. Со цел да се осигури ефективно спроведување на Директивата, видливо е дека критериумот за бројот на вработени во овој случај не се применува. Ова е од причина што поимот за „вработен" врз основа на кој оперира Директивата е базиран на правото на ЕУ и не е лесно да се транспонира надвор од Унијата (рецитал 30 од Директивата 2024/1760).

Дополнително, трговски друштва кои склучиле договори за франшиза или лиценца во Унијата во замена за авторски права со независни друштва од трети страни, каде што тие договори обезбедуваат заеднички идентитет, деловен концепт и примена на унифицирани деловни практики, под претпоставка да достигнат определени прагови на годишен приход, исто така, можат да бидат опфатени со Директивата. И овие прагови значително се зголемени со измените на Директивата.

И покрај тоа што овие прагови се однесуваат на една финансиска година, Директивата ќе се применува, единствено, доколку трговското друштво ги достигнало овие прагови во најмалку две консеквентни години. Инаку, обврските за спроведување на должно внимание нема да се применуваат (рецитал 27 од Директивата 2024/1760).

Застапниците за ваквиот тесен персонален опфат на Директивата, главно, аргументираат дека е оправдано Директивата да ги опфаќа само најголемите економски актери бидејќи нивните деловни активности и синџири на снабдување можат да имаат значително влијание врз човековите права и животната средина.

Од друга страна, граѓанските организации и застапниците за заштита на човековите права ги критикуваат вака поставените високи прагови, нагласувајќи дека се доведува во прашање дали екстремно ограничениот персонален опфат ќе ги оствари очекувањата и целите на Директивата, особено во поглед на одговорноста и отчетноста на помали трговски друштва кои работат во високо ризични сектори (Bueno, Bernaz, Holly, & Martin-Orte, 2024). Истражувањата покажуваат дека после измените на Директивата со Омнибус 1, ќе бидат опфатени само околу 3.000 трговски друштва, кои припаѓаат на околу 1.500 корпоративни групации, од кои околу една третина имаат седишта надвор од Европската Унија (SOMO, 2026). Само 14 земји членки на ЕУ имаат 10 или повеќе друштва кои се опфатени со Директивата, од кои најмногу Германија, Франција, Италија и Холандија (SOMO, 2026), додека 4 земји членки немаат ниту едно такво трговско друштво (Holly, Dicalou, Myczkowski, & Caygin, 2026).

5. Материјален опфат: граници на заштита на човековите права и животната средина

Материјалниот опфат се однесува на суштинските прашања во однос на предметот на заштита, како и видовите на влијание и опсегот на должно внимание коишто се опфатени со Директивата.

Имено, се воспоставува обврска за практикување на должно внимание и процена на ризик и во контекстот на заштита на човековите права и на животната средина. Во однос на човековите права, директно се опфаќаат меѓународно признати човекови права заштитени со меѓународни инструменти наведени во Анекс 1 од Директивата[11], а кои опфаќаат широк спектар на човекови права, вклучително и работнички права, забрана за принудна работа и детски труд, слобода на здружување, недискриминација и други фундаментални човекови права. Во однос на заштитата на животната средина, Директивата опфаќа прекршувања на обврските за заштита на животната средина и забраните што произлегуваат од меѓународните конвенции за животна средина и еколошките принципи на ЕУ. Ова вклучува еколошки штети како што се загадувањето, губење на биолошката разновидност, уништување на шумите, прекумерна употреба на ресурси и деградација на животната средина што влијае на здравјето на луѓето и екосистемите.[12] Сепак, со Омнибус 1, Директивата значително ретерираше во поглед на обврските на трговските друштва, при што обврската за друштвата да усвојат и да спроведат план за транзиција за ублажување на климатските промени, со цел усогласување на деловниот модел и стратегија со транзиција кон одржлива економија и ограничување на глобалното затоплување, целосно се тргна како обврска (чл.4 од Директивата 2026/470).

Во овој поглед, Директивата има значителен поширок опфат на заштита од минималните стандарди на Водечките принципи на ООН, коишто реферираат на Универзалната декларација на човекови права, кодифицирани преку Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, како и принципите кои се однесуваат на основните права во Декларацијата за основните принципи и права на работа на Меѓународната организација на трудот (Принцип 12 од ВПООН). Но, неминовно е да се забележи дека Водечките принципи на ООН реферираат на овие документи како минимални стандарди, иако сугерираат дека државите се охрабруваат да го прошират материјалниот опфат на заштита на поголем број меѓународно признати човекови права.

Имајќи го предвид ова, особено значајно е како се дефинирани *„негативните влијанија врз човековите права"* во текстот на Директивата. Во рецитал 32 и чл.3(ц) Директивата предвидува дека покрај експлицитно наведените заштитени права, други (ненаведени) човекови права можат да бидат опфатени, но под определени услови и тоа: правото мора да биде од таква природа што може да биде повредено од трговско друштво, повредата на правото директно мора да засега правен интерес којшто е заштитен во меѓународните инструменти наведени во Анексот и ризикот по тоа право да може разумно да биде идентификуван од страна на трговско друштво, имајќи ги предвид конкретниот случај, природата и опсегот на деловните активности и синџирот на активности, карактеристиките на секторот и географскиот и оперативен контекст во којшто работи трговското друштво (рецитал 32 и чл.3(ц) од Директивата 2024/1760). Ова воведува дополнителни услови за идентификување на одредени ризици врз човековите права, со што суштински се ограничува опсегот на обврските за должно внимание. Ваквиот пристап не е усогласен со наративот на ВПООН и ОЕЦД насоките каде идејата е трговското друштво – прво, да ги идентификува ризиците за сите меѓународно признати човекови права, а потоа да ги приоретизира најсериозните ризици. Дополнително, ваквата дефиниција создава и дополнителен товар за жртвите, при што тие нема само да мора да докажат дека штетата настанала, туку и дека станува збор за повреда на право кое е вклучено во дефиницијата, дека е засегнат правно заштитен интерес и дека трговското друштво разумно можело да го предвиди ризикот, што значително го отежнува пристапот до правдата, во крајна линија (Amnesty International, Anti-Slavery International, Clean Clothes Campaign, European Center for Constitutional and Human Rights, European Coalition for Corporate Justice and International Federation for Human Rights (FIDH), 2023).

Во однос на видовите влијание и опсегот на должно внимание, Директивата опфаќа штетни последици кои произлегуваат директно од

активностите и дејствувањето на самото трговско друштво, активностите и дејствувањето на нивните подружници, како и оние активности и дејствувања на нивните бизнис-партнери во синџирот на активности. Ова укажува дека обврските за должно внимание се протегаат над активностите на самите трговски друштва и ги опфаќаат негативните влијанија кои трговските друштва ги имаат, а се поврзани со синџирот на активности, што соодветствува со целта на самата Директива – да се интегрира одржливото и одговорно деловно работење на трговските друштва во глобалните економски политики и активности. Сепак, Директивата има и значителни ограничувања во однос на видовите влијание и опсегот на должно внимание, особено имајќи ги предвид дефинирањето на поимите и стриктните ограничувања и изземање на определени сектори и активности, како, на пример, опфатот на финансиските институции во доменот на производството или дефинирањето на *синџир на активности* којшто не ги вклучува активностите на друштвото во низводниот (downstream) тек поврзан со неговите услуги (рецитал 26 од Директивата 2024/1760).

6. Клучни чекори во концептот на корпоративно должно внимание за човекови права

Кога се работи за концептот на должно внимание, Директивата го следи нормативот на Водечките принципи на ООН и Насоките на ОЕЦД, при што идентификува шест клучни чекори. Во продолжение ќе го елаборираме секој од нив.

6.1. Институционализација на должното внимание во корпоративното управување

Првиот чекор од концептот на корпоративно должно внимание за почитување на човековите права е воспоставување на обврска на трговското друштво да го интегрира овој концепт во внатрешните политики и системи на управување со ризици (чл.7 од Директивата 2024/1760). Ова е основата, од причини што го трансформира должното внимание и управувањето со ризици по човековите права, од практика за усогласување со законските обврски, во внатрешна политика на корпоративно управување. На овој начин, Директивата влијае на создавање на корпоративна култура на управување која задолжително ќе ги земе предвид ефектите кои одлуките, активностите и деловните партнерства на друштвото (може да) ги имаат врз човековите права.

Во практика, ова би значело обврска за друштвата да усвојат политика за должно внимание и процена на ризици по човековите права и животната средина, така што би се интегрирале и заложбите за одржлив

развој во корпоративното управување, но и да усвојат кодекс на однесување којшто ќе биде применлив не само за друштвото, туку и за сите нејзини подружници, ќерки-фирми, но и директни или индиректни деловни партнери со кои друштвото соработува. Истовремено, друштвото мора да создаде механизми и политики врз основа на кои ќе ги спроведува овие заложби и постојано ќе го следи спроведувањето на политиката. Ова укажува на идејата за континуиран процес на должно внимание.

Овој чекор, иако навидум изгледа едноставен, може да има значителен трансформативен потенцијал. Прво, воспоставувањето на обврска за задолжително усвојување на ваква политика прави концептуална промена во корпоративното управување. Традиционално, трговските друштва ги третираа заложбите за почитување на човековите права и заштитата на животната средина како прашања на доброволна корпоративна општествена одговорност. Ова, најчесто, се поврзуваше со добриот имиџ на друштвото и стекнување доверба и почит од потрошувачите. Наместо тоа, сега Директивата бара од трговските друштва да ги институционализираат заложбите за почитување на човековите права и животната средина во рамки на своите управувачки структури, политиките за набавка, управувањето со синџирите на снабдување и стратешкото планирање. Ова значи дека се очекува концептот на должно внимание и процена на ризик по човековите права, да стане континуиран и, пред сè, превентивен процес. Многу често, за овој прв чекор од концептот на должно внимание, ќе се каже дека е обид да се поместат заложбите за одржлив развој од маргините на корпоративната етика во центарот на корпоративното управување (Sherman, 2022).

Неспорно е да се каже дека за друштвата ова повлекува значителни импликации, како организациски, така и финансиски. Ваквата задолжителна обврска би значела потреба за редизајнирање на внатрешните системи за усогласеност со регулативата, обука за менаџментот и вработените, распределба на обврски помеѓу различните сектори во друштвото и воспоставување канали за известување, но и обезбедување на внимание и посветеност на највисокото ниво на менаџмент на трговското друштво кон ризиците по човековите права и животната средина. Оттука, ваквиот концепт не би ги засегнал само правните сектори во друштвата, што вообичаено се очекува, туку целиот бизнис-модел, особено во секторите кои се зависни од сложените глобални синџири на снабдување.

Од друга страна, Директивата не е многу опсежна во однос на тоа *како* треба да се случи интеграцијата и остава широк простор за дискреција на самото друштво. Директивата оперира со термините на „*соодветни мерки*" и „*пристап базиран на ризици*" (чл.7 т.1 од Директивата 2024/1760) што обезбедува поприлично флексибилност, но, истовремено, и неизвесност и можност за површна имплементација. Оттука, оправдано се

појавуваат и грижите дека одредени трговски друштва можат само да усвојат политики на должно внимание и кодекси на однесување без, притоа, суштински да ја сменат својата корпоративна култура и деловно однесување, што би создало феномен на „*штиклирање*“ или уште едно во низата на „*козметички усогласувања*“, без суштински придонес кон поодржлив развој (Sherman, 2022).

Во контекст на кажаното, една од најголемите критики кон Директивата е дека има големи предизвици за нејзино суштинско спроведување. Интегрирањето на концептот на должно внимание во политиките на трговските друштва, само по себе, автоматски не генерира ефективна заштита на човековите права. Трговското друштво може да има извонредна политика на должно внимание за почитување на човековите права и кодекси на однесување, а, истовремено, штетните практики и дејствувања во нивните синџири на снабдување да продолжат да постојат. Оттука, релевантна е забелешката дека Директивата има тенденција да ја пренагласува процедуралната усогласеност, наместо да бара суштински резултати кон одржливиот развој. Ова особено, ако се земат предвид измените на Директивата со Омнибус 1 и отстапките во однос на заложбите за борба против климатските промени.

Во секој случај, овој прв чекор од концептот на должно внимание е неминовно важен и треба да се разбере како обид за институционализација на заложбите за почитување на човековите права и одржлив развој во корпоративното управување. Успехот, во крајна линија, не зависи само од постоењето на корпоративните политики, туку и од тоа дали друштвото, навистина, ќе ја промени корпоративната култура и своите заложби за одржлив развој ќе ги има предвид при носењето на комерцијалните одлуки и деловни активности.

6.2. Идентификација на ризици: од системска должност кон ограничена обврска

Вториот чекор од концептот на должно внимание, првенствено, се рефлектира во членовите 8 и 9 со што се наметнува обврската за трговските друштва да ги идентификуваат и проценат тековните и потенцијалните ризици и негативни влијанија врз човековите права и животната средина. Ова е суштинскиот дел од концептот на должно внимание бидејќи со него се операционализира функцијата за откривање на ризиците и негативните влијанија од деловното работење. Без соодветно откривање и процена на ризиците и негативните влијанија не може да се спроведат мерки за превенција, ублажување, прекин и санирање или обесштетување во подоцнежната фаза од процесот.

Иницијално, Директивата им наложуваше на друштвата да преземат „*соодветни мерки*“ за да ги идентификуваат и проценат негативните

влијанија кои произлегуваат од своето сопствено работење, работењето на подружниците и деловните партнери во рамки на нивниот синџир на активности (чл.8 т.1 од Директивата 2024/1760). Ова не е обврска за тие да се воздржат од определено однесување или дејствување, туку напротив, наметнува обврска за проактивно да се вклучат во идентификација и процена на ризиците и тоа на следниот начин: да ги мапираат областите каде што ризиците се најверојатни и најсериозни, да приберат квантитативни и квалитативни податоци за тоа, да спроведат длабински анализи во областите со висок ризик и периодично да ги преиспитуваат утврдените ризици, особено доколку се случат значајни промени во деловното работење или контекстот во којшто работи трговското друштво (чл.8 т.2 од Директивата 2024/1760).

Видливо е дека одредбите содржани во Директивата се флексибилни и базирани на ризик, при што од трговските друштва се очекува да дадат приоритет на сериозните и извесни влијанија, наместо да го истражат секој можен ризик подеднакво (член 9). Оттука, ова треба да го направи системот прагматичен и порационален и во однос на активностите и во однос на трошоците за негово воспоставување и спроведување. Како сериозен предизвик којшто се наметнува е дали клучните концепти како „*соодветни мерки*" „*сериозност*" и „*веројатност*" отвораат простор за широка дискреција и правна несигурност. Овие концепти во суштина многу зависат од контекстот и условите, па би било тешко да се утврди до каде се протегаат обврските на друштвата, особено оние кои работат во сложени мултинационални синџири на снабдување. Според тоа, релевантно се поставува и прашањето колку е практично изводливо корпорациите кои работат со илјадници добавувачи од различни земји, да можат да направат длабинска анализа и процена на ризиците врз сите тие добавувачи, особено ако дел од тие добавувачи не се во првото ниво од синџирот на снабдување. Од друга страна, приоретизацијата на ризиците врз основа на овие концепти може да придонесе фокусот на друштвото да биде ставен исклучително кон овие ризици и да се занемарат помалку видливи ризици кои, сепак, имаат негативно влијание врз човековите права и животната средина.

Истовремено, процесот на идентификација на ризици во усвоениот текст, нужно подразбира и барање за континуирана повторна процена и ажурирање на политиките за должно внимание, што соодветно препознава дека ризиците се динамични и променливи во однос на контекстот и условите (Schutter, Ramasastry, Taylor, & Thompson, 2012). Затоа и обврските на друштвото треба соодветно да се преиспитуваат и приспособуваат во согласност со промените во деловните односи, деловните партнери, геополитичките случувања и пазарните услови.

Оваа обврска, всушност, има превентивна функција. Целта е да ги натера трговските друштва да знаат каде и од што може да се појават

прекршувања на човековите права и штети врз животната средина пред тие навистина да настанат. Во суштина, ова има за цел да го трансформира моделот на корпоративното управување од реактивна одговорност кон модел на управување со ризици и превенција. Наместо да се справува со штетата откако жртвите ќе претрпат штета, концептот на должно внимание бара од друштвата да ги идентификуваат структурните ризици вградени во глобалните синџири уште пред тие да настанат. Целта сама по себе не гарантира дека штетата во никој случај нема да настане, туку да се гарантира дека трговските друштва вршат разумен и континуиран процес на должно внимание и будност. Затоа оваа должност во рамки на концептот на „должно внимание“ често се карактеризира како „*должност на компанијата да знае*“ (Sherman, 2022), (Ruggie & Sherman, 2017).

Другата важна цел на овие одредби е од информативна природа. Законодавецот тргнува од претпоставката дека многу од корпоративно негативните влијанија, прекршувања на човековите права и штети врз животната средина се случуваат и траат, бидејќи трговските друштва намерно или од небрежност не се информирани за условите во нивните синџири на снабдување. Од суштинско значење е што преку овој концепт се препознава реалноста на современото глобално производство, каде злоупотребите на човековите права и животната средина често се случуваат далеку од седиштата на големите корпорации, особено преку подизведувачи и добавувачи. Затоа, овие одредби директно ја наметнуваат должноста на друштвото да истражува, да ги следи и да ги разбере последиците од нивното деловно работење и деловни односи врз човековите права и животната средина. Со проширување на одговорноста за должно внимание и длабинска анализа за идентификација и процена на ризиците, Директивата тежнее да се справи со фрагментација на одговорноста којашто е типична за глобалните синџири на снабдување.

Значително е да се напомни дека Директивата претрпе промени во овој дел како дел од пакетот Омнибус 1. Со амандманите на Директивата, логиката значително се промени. Иако промените не ја напуштаат должноста на трговските друштва да ги идентификуваат и проценат ризиците и негативните влијанија, сепак, обврската значително се стеснува, се дава поголема флексибилност и се става акцент на процесот. Така, од амбициозна заложба за суштинско должно внимание низ целиот синџир на снабдување, обврската се менува кон поограничен и бизнис-ориентиран пристап на управување со ризици. Во првично усвоениот текст, од друштвата се очекуваше да ги идентификуваат и проценат тековните и потенцијалните ризици и негативни влијанија низ нивното сопствено работење, подружниците и деловните партнери во синџирите на активности преку релативно проактивен и континуиран пристап на должно внимание. Со амандманите се релативизира оваа обврска на неколку начини.

Прво, се воведува т.н. модел на „*вежба за дефинирање на опсегот*", преку кој од првичното мапирање на областите со најсериозни и веројатни ризици и влијанија врз човековите права, сега се бара да се идентификуваат само „општи области" и тоа само врз основа на „*разумно достапни информации*" (чл.4 ст.6(а) од Директивата 2026/470). Ова е значителна промена бидејќи првичниот пристап подразбираше подиректна обврска за идентификување на специфичните негативни влијанија низ вредносните синџири, додека овој пристап им дозволува на трговските друштва да започнат со широк пристап за мапирање, наместо со истраги по субјект. Клучната забелешка е што ова го намалува интензитетот на должноста за идентификација на ризиците и негативните влијанија. Во суштина трговските друштва сега не се обврзани системски да ги идентификуваат негативните влијанија на ниво на субјект во нивните вредносни синџири. Во практика, ова би предизвикало тие да се фокусираат само на големи зони на ризик, определени сектори или региони, наместо да спроведуваат детална проверка на поединечни добавувачи или деловни односи.

Второ, измените значително го ограничуваат товарот за прибирање на информации. Од трговските друштва се очекува да се потпираат само на „*разумно достапни за нив*" информации, што како општо правило спречува и барање на информации од деловните партнери. Понатаму, барањето на информации од помали деловни партнери е можно, само кога информациите не би можело да се добијат на друг начин (чл.4 ст.6(б) од Директивата 2026/470). Целта на овие измени е, веројатно, да се намали товарот, финансиските трошоци и спречувањето на прелевањето на ефектот надолу кон малите и средните претпријатија, видливо од нагласениот наратив на измените и дополнувањата со Омнибус 1, за пропорционалност, поедноставување и конкурентност на европските компании. Сепак, ова значително ја ослабува должноста на трговското друштво да знае што се случува. Многу сериозни злоупотреби, како принудна работа, експлоатација на детски труд, небезбедни услови за работа или загадување на животната средина, можат да станат видливи само преку детална анализа и директен ангажман со добавувачите и засегнатите страни. Ваквото ограничување на товарот за прибирање на информации создава ризик за „*незнаење*".

Трета значајна новина е што со измените и дополнувањата експлицитно се стеснува обврската за должно внимание и длабинска анализа на ризици кои ќе се проценат како „*најсериозни*" и „*најверојатни*". Од една страна, ова го прави моделот пофлексибилен и пореалистичен затоа што не е реалистично да се очекува дека мултинационалните големи корпорации би можеле да го истражат секој ризик подеднакво кај сите добавувачи во нивните синџири на активности. Иако и првичната верзија на Директивата го сугерираше ова, со измените и дополнувањата експлицитно

се наведува дека трговските друштва не се обврзани да го идентификуваат секој ризик и секое негативно влијание и „*нема да бидат казнети*“ за влијанија што остануваат неидентификувани и покрај формалното почитување на обврската за должно внимание. Ова е можеби и најзначителното „*олеснување*“ за трговските друштва, бидејќи ја намалува нивната правна изложеност и ја приближува Директивата повеќе до модел на усогласеност, отколку на суштинска одговорност и отчетност.

6.3. Превенција и санација: опсег и граници на обврската за дејствување

Овој чекор од концептот на должно внимание е од суштествено значење од причина што го операционализира стандардот на должно внимание. Преку преземање на мерки за превенција и ублажување, односно прекинување или минимизирање на негативните влијанија, концептот на должно внимание се трансформира од информативната природа која ја има во моментот на идентификација и процена на ризиците, во конкретна проактивна улога на дејствување на трговското друштво. Истовремено, одредбите од Директивата кои се однесуваат токму на овој чекор од концептот на должно внимание предизвикуваат и најголема полемика и судири помеѓу различните засегнати страни, од причина што овие одредби треба да детерминираат колку далеку трговското друштво треба да интервенира и да дејствува во рамки на синџирот на активности и деловните партнерства со други трговски друштва.

Директивата предвидува дека трговското друштво треба да преземе „*соодветни мерки*“ за да ги превенира или ублажи потенцијалните негативни влијанија, односно да ги прекине или минимизира тековните негативни влијанија врз човековите права и животната средина и да ја отстрани настанатата штета (Bueno, Bernaz, Holly, & Martin-Orte, 2024).

Логично, мерките за превенција и ублажување упатуваат дека се работи за мерки кои треба да одговорат на идентификуваните потенцијални ризици – оние кои сè уште не настанале, но е извесно дека би настанале доколку навремено не се преземат соодветни мерки. За трговските друштва, ова би значело да имаат проактивен пристап и да дејствуваат на начин што ќе осигури предвидливост кон можните сценарија и превенција од негативните влијанија во однос на човековите права и животната средина. На пример, овие мерки може да опфаќаат наметнување на договорни гаранции од добавувачите, усвојување на кодекси на однесување за добавувачите, ревизии и мониторинг, инвестирање во побезбедни производствени процеси, обуки и јакнење на капацитети на вработени, како и суспендирање или трајно прекинување на проблематични деловни односи. Ова последното треба особено внимателно да се интерпретира и да биде преземено само како крајно средство, доколку останатите поблаги

мерки на превенција не дале или разумно не се очекува да дадат соодветни резултати. Инаку, раскинувањето на договори и прекинувањето на деловни односи во определен контекст може да има и спротивен ефект – да се смета за прекршување на одговорноста за должно внимание за почитување на човековите права (Sherman, Dadush, & Windham Stewart, 2024).

Оваа фаза од концептот на должно внимание е целосно во функција на превенција. Имено, трговското друштво треба да ги антиципира можните ризици и штета врз човековите права и животната средина и соодветно да одговори на нив, пред штетата да настане. Од друга страна, оваа фаза е исклучително значајна и низ призмата на носителите на правата, односно оние кои можат да бидат засегнати, како работниците, локалните заедници и домородното население, потрошувачите или останатите засегнати страни кои можат да бидат погодени од деловните активности на трговското друштво. Ова од причина што и за нив превенцијата во секој случај е повредна од извесниот надоместок на штета или репарација, доколку штетата настане.

Од друга страна, доколку се работи за идентификувани негативни влијанија кои се случиле или се во тек, Директивата му налага на трговското друштво истите веднаш да ги прекине, или ако тоа, со оглед на контекстот, во моментот не е можно – тогаш да преземе мерки со кои ќе го минимизира нивното влијание и ќе обезбеди соодветно обесштетување. Во овој случај не се работи за превентивни мерки, туку мерки на интервенција и дејствување, како, на пример, запирање на штетни практики на снабдување, обесштетување на жртвите, санирање на штетата врз животната средина, репреговарање на односите со добавувачите или суспендирање или трајно прекинување на договорите, доколку ниту една друга мерка нема да даде резултат (чл.4 од Директивата 2024/1760). За носителите на права, ова би значело дека концептот на должно внимание не е само во функција на управување на ризиците на друштвото, туку се однесува и на обезбедување на правни лекови и правда за засегнатите лица.

Вака дизајнираниот наратив на Директивата, всушност прави значителен пресврт од доброволната корпоративна општествена одговорност кон задолжителна одговорност за превенција и дејствување, а притоа препознавајќи дека големите мултинационални корпорации многу често поседуваат економска моќ врз добавувачите и можат да влијаат врз нивното штетно деловно однесување и несоодветна трговска практика. Сепак, имајќи ги предвид измените на Директивата каде што се ограничи процесот на идентификување на ризици и обврската за прибирање на податоци и истражување на практиките на деловните партнери, ова значително ги стеснува и можностите за преземање мерки за превенција, дејствување или санирање на настанатата штета. Ова значително ја слабее превентивната и трансформативна функција на Директивата и го прави

концептот повеќе да се заснова на ризици, отколку на сеопфатен пристап на превенција. Така, ако трговските друштва немаат обврска да ги истражат и идентификуваат сите ризици кои можат да настанат, истите ќе останат на маргините и нема да има ниту мерки за соодветно да се превенираат или ублажат последиците. Според тоа, од обврска на трговското друштво *„да знае и да дејствува“* се трансформира во обврска *„разумно да управува со ризиците кои може да ги идентификува“*.

6.4. Мониторинг и евалуација: должно внимание како континуиран процес

Следниот чекор од процесот е следење на ефективноста на преземените мерки и активности. Оваа фаза подразбира дека трговското друштво практикува должно внимание за почитување на човековите права и животната средина постојано и го третира концептот како континуиран процес којшто се приспособува на промените, контекстот и ситуациите, а не само како еднократен акт на проверка и дејствување. Ваквото разбирање на фазата на мониторинг и евалуација на ефективноста на мерките, единствено може да одговори на еволутивната и променлива природа на ризиците кои деловното работење ги прави врз човековите права и животната средина.

Директивата им налага на трговските друштва периодично да ги следат и испитуваат своите деловни активности, активностите на нивните подружници, кои се дел од синџирот на активности, како и активностите на нивните деловни партнери и добавувачи, со цел да го оценат спроведувањето на политиките на должно внимание, идентификувањето на ризиците и негативните влијанија врз човековите права и животната средина и ефективноста на преземените мерки за превенција, прекинување или ублажување на таквите влијанија. Ваквиот тип на мониторинг и евалуација треба да се прави најмалку еднаш во 12 месеци и секогаш кога ќе има значителни промени во вообичаениот тек на работа и дејствување или промена на контекстот во којшто работи трговското друштво (рецитал 61 од Директивата 2024/1760). На пример, како значителни промени се сметаат ако трговското друштво започне да работи со нова дејност, во нов економски сектор или на нов географски пазар, или ако започне со производство на нов производ или промена на производствениот процес со воведување на нови технологии кои можат да воведат нови ризици и негативни влијанија врз човековите права и животната средина, или пак, ако трговското друштво прави промени во корпоративната структура преку статусни промени (рецитал 61 од Директивата 2024/1760). Истовремено, Директивата им налага на трговските друштва да ги преиспитуваат и ажурираат своите политики на должно внимание и системи за управување со ризици најмалку еднаш на секои 24 месеци, а по потреба и почесто,

особено доколку се настанати значителни промени во контекстот на деловното работење (чл. 7 ст. 3 од Директивата 2024/1760).

Ваквата интерпретација на оваа фаза од концептот на должно внимание јасно укажува дека за трговските друштва ова треба да биде динамичен, а не статичен процес. Не е доволно трговското друштво само да усвои политика на должно внимание и кодекс на однесување на добавувачите или еднократно да преземе мерки и активности за намалување на негативните влијанија и со тоа да претпостави дека перманентно ја исполнила својата обврска која ја налага Директивата. Наместо тоа, одговорно деловно работење низ концептот на должно внимание подразбира дека трговското друштво во континуитет ќе прави евалуација дали ризиците се намалени, дали добавувачите се придржуваат до кодексот на однесување во практика, дали механизмите за жалби и мерките за обесштетување и санирање на штета се ефективни, но и дали во меѓувреме се појавиле нови ризици на кои треба да се посвети внимание. Во практика, ова подразбира правење ревизии, процена на влијание, консултации со засегнатите страни, прибирање на податоци и воспоставување на системи на жалби и поплаки, внатрешни контроли и воспоставување на надворешни механизми за верификација на наодите. На овој начин, трговското друштво може да се осигури дека го достигнува стандардот на „*континуирано следење*" којшто е прифатен во Водечките принципи на ООН (Принципи 17-21 (Ruggie J. , 2011)

6.5. Транспарентност и известување

Концептот на должно внимание вклучува и фаза на јавна комуникација и транспарентност во однос на неговото интегрирање и спроведување во корпоративното управување. Ова подразбира споделување на плановите, активностите за идентификација на ризици и преземените мерки за почитување на човековите права и животната средина. Честопати, оваа фаза се толкува како должност на трговските друштва за подобрување на транспарентноста во деловното работење. Должното внимание како концепт не треба да биде само внатрешен процес на корпоративното управување, туку трговските друштва мораат да се погрижат да им објаснат на властите, инвеститорите, работниците и засегнатите локални заедници како ги идентификуваат потенцијалните и актуелните ризици и што прават за да одговорат на негативните влијанија од деловното работење. Оваа фаза го следи наративот на Водечките принципи на ООН којшто ја истакнува обврската дека трговските друштва не треба само да знаат, туку и да покажат дека тие ги почитуваат човековите права. Оттука, оваа фаза треба да обезбеди друштвата јавно да покажат дека не се работи само за декларативни заложби за почитување на човековите

права и животната средина, туку дека тоа активно го практикува концептот на должно внимание во своето деловно работење.

Директивата им наметнува обврска на засегнатите трговски друштва јавно да ги обелоденат информациите за нивните политики на корпоративно и должно внимание и системи за управување со ризици, ризиците и негативните влијанија кои ги идентификувале, преземените мерки за превенција, ублажување или обесштетување, како и за ефективноста на таквите мерки. Ова директно влијае на потребата трговските друштва да создадат внатрешни системи кои ќе можат да прибираат релевантни информации, да документираат одлуки со кои се преземаат мерки и активности како одговор на идентификуваните ризици, да ги следат и да одговорат на поплаките и жалбите кои пристигнуваат до нив и да практикуваат активна транспарентност во однос на преземените активности. Во Директивата, оваа фаза се интегрира преку создавање на обврска да објавуваат годишен извештај на своите веб-страници со информации поврзани со интегрирањето и практикувањето на концептот на должно внимание во своето деловно работење (чл.16 од Директивата 2024/1760).

Вака поставената обврска за транспарентност е тесно поврзана и со механизмите за известувања и жалби кои ги предвидува Директивата, а кои им даваат можност на засегнатите лица, граѓански организации, работници и синдикати, да пријават повреда на човековите права и животната средина. Оттука, оваа фаза има двојна функција. Од една страна, да обезбеди отчетност на трговското друштво, така што создава обврска да ја информира јавноста и засегнатите страни за напорите кои ги презема во врска со интегрирањето и спроведувањето на концептот на должно внимание во деловното работење. На овој начин, всушност, се разоткриваат ризиците и влијанијата на трговското друштво пред очите на пошироката јавност и неговите напори за да ги отстрани, ублажи или да ги прекине таквите влијанија. Претпоставката е дека ваквата транспарентност треба да придонесе и кон поголема отчетност и одговорност на самото друштво, имајќи ја предвид и грижата за сопствената репутација.

Од друга страна, втората функција е дека се создава можност за прибирање на информации преку механизмите на пријави, жалби и поплаки за ризиците и негативните влијанија од деловното работење на трговските друштва. Ова е особено важно ако се има предвид дека често засегнатите страни – работници, локални заедници итн., особено во контекст на глобални синџири на снабдување, честопати имаат информации и податоци кои не се достапни и не им се познати во главните дирекции и седишта на големите корпорации. Креирањето на достапни и јасни механизми за поплаки и жалби е комплементарно со напорите на друштвото за идентификување на потенцијални и тековни ризици од деловното работење. Можноста засегнати лица, локалните заедници и други засегнати страни

директно да поднесат поплака или жалба до седиштата на големите корпорации ќе придонесе кон подобра информираност на самото друштво за потенцијални или тековни ризици кои можеби биле пропуштени при правењето на анализи и процени на влијанија.

Со измените на Директивата уште појасно се регулираа обврските за известување и транспарентност, при што се потенцираше пристапот на целосна хармонизација помеѓу земјите членки на ЕУ во однос на ова прашање. Ова има за цел да превенира фрагментација и различен пристап во однос на барањата за известување и транспарентност на трговските друштва кои се присутни на европскиот пазар, а, истовремено, и да ја зголеми правната сигурност за бизнис-секторот. Истовремено, измените го намалуваат и административниот товар врз друштвата, но даваат и јасна рамка за известување во поглед на содржината и критериумите за известување (чл. 4 ст. 12 и ст. 13 од Директивата 2026/470). Сепак, истовремено, се поместува и рамнотежата од партиципативна одговорност кон поедноставување на обврските. Обврската за јавно комуницирање и транспарентност останува како таква, но нејзиниот трансформативен потенцијал е намален, преку нагласениот акцент на пропорционалноста, намалување на товарот и усогласеноста со процедурите.

Јавното комуницирање и обврските за зголемена транспарентност во деловното работење кои се создаваат со Директивата претставуваат механизми преку кои концептот на должно внимание како стандард во деловното работење се прави особено видлив и достапен за пошироката јавност, а со тоа и се создава можноста да стане предмет на критика и оспорување. На овој начин се настојува, трговските друштва не само да го интегрираат должното внимание во своето корпоративно работење, туку и јавно да демонстрираат како го прават тоа, па дури и да одговорат на загриженоста и приговорите на различните засегнати страни.

6.6. Граѓанско-правна одговорност и обесштетување

Обесштетувањето и одговорноста на трговските друштва во контекст на граѓанското право, претставуваат суштински механизам за спроведување на концептот на должно внимание. Без ефективна правна одговорност, обврските за должно внимание остануваат само на ниво на регулаторна усогласеност. Ваквиот тип на „притисок“ понекогаш не е доволен да ги натера трговските друштва суштински да ги менуваат своите деловни практики. Оттука, граѓанско-правната одговорност ја затвора логичката целина на Директивата. Онаму каде што превентивните мерки не успеале, а штетата настанала, треба да постојат јасни механизми за жртвите да добијат правда и соодветно обесштетување.

Во првично усвоениот текст на Директивата, чл. 29 воспоставуваше хармонизиран режим на граѓанско-правна одговорност на ниво на ЕУ. Директивата предвидуваше дека земјите членки треба да гарантираат дека трговското друштво може да се смета за одговорно за штета предизвикана на физичко или правно лице, под услов тоа намерно или од небрежност да не ги исполнило обврските предвидени во членовите 10 и 11, кога правото, забраната или обврската наведена во Анексот на Директивата имала за цел заштита на тоа физичко или правно лице, и притоа е предизвикана штета врз заштитените интереси на тоа лице (чл. 29 ст. 1 од Директивата 2024/1760) (Almendros, 2025).

Оваа одредба воспоставуваше неколку клучни елементи на одговорноста. Прво, во однос на стандардот на вина, одговорноста се заснова на докажана намера или небрежност, а не на строга одговорност без вина (Bueno, Bernaz, Holly, & Martin-Orte, 2024). Ова е значајно разграничување бидејќи стандардот на вина го поставува прагот за тужителите, односно нема автоматска одговорност само поради настапување на штета. Второ, трговското друштво не може да се смета за одговорно доколку штетата е предизвикана исклучително од неговите деловни партнери во синџирот на активности. Ова ограничување ја рефлектира логиката дека обврската е за преземање на мерки, а не за гарантирање на резултат (Bonnitcha & McCorquodale, 2017). Трето, Директивата предвидуваше и солидарна одговорност, при што друштвото може да биде солидарно одговорно за штета која е заеднички предизвикана со неговата подружница или директен или индиректен деловен партнер (Watson Farley & Williams, 2025).

Во поглед на обесштетувањето, Директивата предвидуваше право на целосно надоместување на штета, при што целосниот надоместок на штета не треба да доведе до прекумерна компензација, ниту преку казнени, повеќекратни или други видови на надоместок.

Во однос на процесните аспекти, чл.29 ст.3 од Директивата воспоставуваше значаен систем на процесни гаранции за жртвите. Земјите членки на ЕУ требаше да гарантираат дека националните правила за застарување не го отежнуваат непотребно поднесувањето на тужби за штета, при што рокот на застарување за поднесување на тужби за штета треба да изнесува најмалку пет години. Дополнително, трошоците за постапката не треба да бидат прескапи за тужителите и тие треба да можат да бараат привремени мерки, вклучително преку итни постапки (Almendros, 2025). Посебно значајна беше одредбата за т.н. процесен механизам за обелоденување на докази: кога тужителот ќе поднесе барање со образложено оправдување, кое содржи разумно достапни факти и докази кои ја поддржуваат веројатноста на неговото барање и да укаже дека дополнителните докази се во контрола на трговското друштво, судовите треба да имаат можност да го задолжат друштвото да ги обелодени таквите

докази (чл.29 ст.3 т.(е)). Ова е особено значајно ако се има предвид контекстот на асиметрична достапност на информациите, односно ситуација во која жртвите речиси секогаш имаат помалку информации на располагање, отколку самото трговско друштво. контекстот на асиметријата на информации — состојбата во која жртвите речиси секогаш имаат помалку информации за состојбите во синџирот на снабдување отколку самото друштво.

Исто така, чл. 29 ст. 3 т.(д) предвидуваше и право на застапување: синдикатите, невладините организации за човекови права или животна средина и националните институции за човекови права можат да поднесуваат тужби во корист на наводно оштетени страни (чл.29 ст.3 т.(д)). Ова беше особено значајно имајќи предвид дека индивидуалните жртви во глобалните синџири на снабдување, кои честопати се во земји во развој, ретко имаат ресурси, средства и информации за самостојно да поведат правна постапка пред суд во некоја земја членка на ЕУ.

Конечно, Директивата содржеше и одредба за меѓународно приватно право, односно земјите членки треба да гарантираат дека одредбите на националното право, кои ја транспонираат оваа одредба, имаат надредна задолжителна примена во случаи кога применливото право на барањето не е националното право на земјата членка (чл. 29 ст. 7). Ова беше особено значајно за жртвите надвор од ЕУ, бидејќи им овозможуваше да поднесат тужба пред судовите на земјите членки без ризик судот да го примени поблагото странско право (Almendros, 2025).

Со измените и дополнувањата преку Омнибус 1, хармонизираниот режим на граѓанско-правна одговорност воспоставен со чл.29 претрпе значителни промени. Едно од најзначајните прашања на Директивата е отстранувањето на специфичниот режим на граѓанска одговорност на ниво на ЕУ содржан во чл.29 на Директивата, иако правото на оштетените лица на целосен (но не прекумерен) надоместок на штета е задржано онаму каде трговското друштво е сметано за одговорно, во согласност со националното право, за штета предизвикана со повреда на барањата за должно внимание.

Конкретно, Омнибус 1 го менува чл. 29 со бришење на ст. 1, ст. 3 т. (д) и ст. 7, и со промена на ставовите 2, 4 и 5 (Pannebakker, 2025). Прво, се брише хармонизираната основа за граѓанска одговорност предвидена во чл.29 ст.1 којшто го дефинираше стандардот и условите за одговорност на ниво на ЕУ. Оваа промена ги остава условите на одговорноста, вклучувајќи ги каузалитетот и вината, на националните права, наместо хармонизираната рамка на ЕУ (Pasqua, 2025). Второ, се брише чл.29 ст.3 т.(д) со кој беше воспоставено правото на застапување за синдикатите, невладините организации и националните институции за човекови права. Со ова се повлекува обврската на земјите членки во однос на претставничките тужби преку синдикатите и невладините организации (Frank & Holub, 2025).

Трето, се брише чл.29 ст.7 за надредна задолжителна примена. Така, земјите членки повеќе нема да бидат обврзани да ги имплементираат правилата за граѓанска одговорност на Директивата како надредни задолжителни одредби (Pannebakker, 2025). Сепак, процесните олеснувања за засегнатите лица се задржани. Тоа се однесува на правилата за застареност и прибирање на докази. Земјите членки сè уште мора да гарантираат дека судовите, во согласност со националното право, можат да нарачаат обелоденување на докази.

Ретерирањето направено со измените и дополнувањата со Омнибус 1 имаат значителни правни последици, особено во поглед на создавање фрагментација и правна несигурност. Поединците или заедниците оштетени поради неуспехот на трговското друштво да спроведе должно внимание сè уште можат да бараат надоместок на штета, но во согласност со националното право, а не хармонизирана рамка на ЕУ. Ова значи дека изложеноста на одговорност варира во зависност од земјата членка. Оваа фрагментација создава значителни проблеми. Ако некои земји членки имаат посилни национални режими за одговорност, таму друштвата ќе бидат изложени на поголеми ризици отколку во земји со поблаги национални режими. Ова ги поставува прашањата на правна несигурност, што е спротивно на декларираните цели на Директивата. Од друга страна, отвора можности за избирање на најповолна јурисдикција или т.н. „*forum shopping*“, односно стратешко насочување на деловните активности кон земји со поблага правна регулатива.

Дополнително, бришењето на правото на застапување на синдикатите и невладините организации е посебно проблематично за ефективниот пристап до правдата. Во практика, жртвите на прекршувања на човековите права во глобалните синџири на снабдување кои најчесто се далеку од територијата на ЕУ, односно работниците, локалните заедници, домородното население, речиси никогаш немаат доволно ресурси, правна поддршка или информации за самостојно да поведат тужби во земјите членки на ЕУ. Идејата на првично усвоениот текст на Директивата што предвидуваше невладините организации за човекови права и синдикатите да можат да поднесуваат тужби, беше во насока токму на надминување на овој предизвик. Нивното исклучување го нарушува и најелементарниот пристап до правда за засегнатите страни.

Неспорно е дека концептот на корпоративно должно внимание за човековите права е комплексно прашање. Оттука, граѓанско-правната одговорност, првенствено, претставува ретроспективен механизам, односно кога сите претходни фази - интеграција на политиките, идентификација на ризиците, превенција, мониторинг и транспарентност, не успеале да го спречат настанувањето на штетата, тогаш оштетените лица треба да имаат правни механизми за пристап до правдата. Второ, граѓанско-правната одговорност има и еден вид на превентивна функција. Самиот ризик од

правна одговорност, истовремено, ги поттикнува друштвата сериозно да ги применуваат обврските и стандардите за должно внимание. Без реална закана за правна одговорност, должното внимание лесно се симнува на степен на административна вежба за регулаторна усогласеност.

Оттука, ретерирањето со измените и дополнувањата со Омнибус 1 во поглед на граѓанско-правната одговорност не е само техничка промена, туку тоа влијае на самиот трансформативен потенцијал на Директивата. Иако, останатите одредби кои се однесуваат на интегрирање на концептот во корпоративното управување, превенција, мониторинг и транспарентност имаат своја вредност, сепак, без јасна и хармонизирана граѓанско-правна одговорност, се поставува клучното прашање дали Директивата може да ја оствари својата цел и да го трансформира корпоративното однесување кон поодговорно и одржливо деловно работење.

Заклучок

Директивата на ЕУ (2024/1760) за должно внимание за одржливо деловно работење претставува историски значаен нормативен напредок во меѓународните напори за воспоставување на задолжителна корпоративна одговорност за почитување на човековите права и заштита на животната средина. По децении на доброволни стандарди и фрагментирана национална регулатива, Директивата за прв пат воспоставува хармонизирана правна рамка на ниво на ЕУ која го институционализира концептот на должно внимание како стандард на грижа во корпоративното управување.

Сепак, анализата на нормативната рамка на Директивата јасно укажува дека нејзиниот трансформативен потенцијал е значително ограничен, пред сè, со измените и дополнувањата направени преку Омнибус 1 пакетот. Стеснувањето на персоналниот опфат на само околу 3.000 трговски друштва, релативизирањето на обврската за идентификација и процена на ризиците, ограничувањето на товарот за прибирање на информации и отстранувањето на хармонизираниот режим на граѓанско-правна одговорност, се чекори кои значително ја оддалечуваат Директивата од нејзините декларирани цели. Особено загрижува бришењето на правото на застапување за синдикатите и невладините организации, кое на практично ниво го нарушува пристапот до правда за жртвите на прекршувањата на човековите права во глобалните синџири на снабдување.

Сепак, и во оваа ограничена форма, потенцијалот на Директивата не смее да се занемари. Таа воспоставува правна претпоставка дека трговските друштва се одговорни за последиците од своето деловно работење врз луѓето и животната средина и тоа не само во рамки на нивното непосредно дејствување, туку и низ комплексните глобални синџири на активности. Ова

само по себе претставува концептуална промена во трговското право и корпоративното управување и поставува темели врз кои идните реформи можат да градат.

Оттука, клучниот предизвик не е само правилна транспозиција на Директивата во националните правни системи, туку и обезбедување на нејзина ефективна имплементација. Директивата не смее да стане уште еден инструмент за регулаторна усогласеност и „штиклирање“ на исполнети обврски. Нејзиниот успех ќе зависи од волјата на земјите членки да ги надминат минималните стандарди при транспозицијата, од ефективноста на органите на надзор, но и од активната улога на граѓанското општество во следењето на нејзиното спроведување. Само на овој начин, Директивата може да ги оствари своите цели и да го постави одржливото и одговорно деловно работење во самиот центар на корпоративното управување.

Користена литература

Ruggie, J. (2011). *Guiding Principles on Business and Human Rights: Implementing the United Nations "Protect, Respect and Remedy" Framework.* UN Doc. A/HRC/17/31.

Bueno, N., Bernaz, N., Holly, G., & Martin-Orte, O. (2024). The EU Directive on Corporate Sustainability Due Diligence (CSDDD): The Final Policital Compromise. *Business and Human Rights Journal*, 294-300.

Holly, G., Dicalou, M., Myczkowski, A., & Caygin, F. (2026). *Making the Corporate Sustainability Due Diligence Directive work for people, Guidance for effective transposition and implementation.* Danish Institute for Human Rights.

SOMO. (2026, April 14). From https://www.somo.nl/updated-datahub-shows-1400-corporate-groups-covered-by-weakened-csddd/

Amnesty International, Anti-Slavery International, Clean Clothes Campaign, European Center for Constitutional and Human Rights, European Coalition for Corporate Justice and International Federation for Human Rights (FIDH). (2023, November 09). *Recommendations for material scope (human rights) in the Corporate Sustainability Due Diligence Directive.* From European Coalition for Corporate Justice: https://corporatejustice.org/wp-content/uploads/2023/11/PAPER-Recommendations-for-human-rights-scope-in-the-CSDDD-November-2023.pdf

Sherman, J. (2022, April 29). Human Rights Due Diligence and Corporate Governance. *Human Rights Due Diligence for Lawyers*.

Ruggie, J. G., & Sherman, J. F. (2017). The Concept of 'Due Diligence' in the UN Guiding Principles on Business and Human Rights: A Reply to Jonathan Bonnitcha and Robert McCorquodale. *The European Journal of International Law*, *28*(3), 921-928.

Sherman, J. F., Dadush, S., & Windham Stewart, O. (2024, July 29). Brief for Amici Curiae in Support of Neither Party, Smart Apparel (U.S.), Inc. v Nordstrom, Inc, No 24-2269 (US Court of Appeals for the Ninth Circuit).

Pannebakker, E. (2025, June 04). Under the Omnibus: Corporate Sustainability Due Diligence Directive's rules on civil liability no longer overriding mandatory.

Pasqua, M. (2025, March 04). Commission Proposes to Ease Corporate Sustainability Reporting and Due Diligence Requirements.

Frank, J., & Holub, S. (2025, February 28). EU Omnibus package and the CSDDD: Hitting the emergency break.

Watson Farley & Williams. (2025, May 24). The CSDDD and Civil Liability: Expanding the Reach of EU Courts. Retrieved June, 2026 from https://www.wfw.com/articles/the-csddd-and-civil-liability-expanding-the-reach-of-eu-courts/

Almendros, R. P. (2025). Posibles soluciones de competencia judicial internacional a propósito de la nueva Directiva europea de diligencia debida empresarial. *Revista Española de Empresas y Derechos Humanos*, 71-109.

Sinnig, J., & Zetzsche, D. A. (2025). The EU's Corporate Sustainability Due Diligence Directive: From Disclosure to Mandatory Prevention of Adverse Sustainability Impacts in Supply Chains. *European Journal of Risk Regulation*, 1-25.

McCorquodale, R., & Nolan, J. (2021). The Effectiveness of Human Rights Due Diligence for Preventing Business Human Rights Abuses. *Netherlands International Law Review*, 455–478.

Schutter, O. D., Ramasastry, A., Taylor, M. B., & Thompson, R. C. (2012). *Human Rights Due Diligence: The Role of States.*

Bonnitcha, J., & McCorquodale, R. (2017). The Concept of 'Due Diligence' in the UN Guiding Principles on Business and Human Rights. *The European Journal of International Law*, *28*(3), 899–919.

Lieferkettensorgfaltspflichtengesetz (LkSG), 16. Juli 2021

Loi n° 2017-399 du 27 mars 2017 relative au devoir de vigilance des sociétés mères et des entreprises donneuses d'ordre

Wet zorgplicht kinderarbeid, 24 October 2019

Åpenhetsloven (The Transparency Act), 18 June 2021

OHCHR, *National Action Plans on Business and Human Rights*, https://www.ohchr.org/en/special-procedures/wg-business/national-action-plans-business-and-human-rights

European Commission, Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council on Corporate Sustainability Due Diligence and amending Directive (EU) 2019/1937, COM(2022) 71 final, 23 February 2022

European Parliament Resolution of 10 March 2021 with recommendations to the Commission on corporate due diligence and corporate accountability (2020/2129(INL))

Directive (EU) 2024/1760 of the European Parliament and of the Council of 13 June 2024 on corporate sustainability due diligence and amending Directive (EU) 2019/1937 and Regulation (EU) 2023/2859, Official Journal of the European Union L, 5.7.2024

Directive (EU) 2026/470 of the European Parliament and of the Council of 24 February 2026 amending Directives 2006/43/EC, 2013/34/EU, (EU) 2022/2464 and (EU) 2024/1760 as regards certain corporate sustainability reporting requirements and certain corporate sustainability due diligence requirements, Official Journal of the European Union L, 26.02.2026